# Огласи за работни места

## 1. Маркетинг

---

- Согласно развојната програма на ЛОГИНГ Електроникс, имаме потреба од проширување на тимот во секторот **Маркетинг** за едно работно место на определено време (12-месеци), со можност за продолжување на неопределено.

**а. <u>Маркетинг Менаџер</u>**

**Предуслови:**
- завршено високо образование - насока пожелно Маркетинг
- задолжително работно искуство во сектор Маркетинг
- задолжително-одлично владеење Англиски јазик
- ориентираност кон континуирано учење, набљудување и анализа
- професионален однос кон работните обврски
- љубезност, комуникативност, снаодливост, стрпливост, толерантност
- организирана, одговорна, доверлива личност
- возачка дозвола и активно возење

**Квалификации :**
- *креативност* и *креативен пристап* при: проектирање, идеи, производи, вклучувајќи уметнички придонес во креирањето на маркетинг планот и користењето на маркетинг стратегиите
- користење на маркетинг инструментите и управувањето со нив за остварување на позитивни *реални резултати* во работењето на компанијата.
- одлична *перцепција* на однесувањето на потрошувачите, предлагајќи соодветни решенија
- одлична *аналитика* на податоци со нивна примена во маркетинг планот
- познавање на продажна промоција која има за цел да им понуди на потрошувачите *дополнителна вредност*, како вид на поттик да се генерира моментална продажба
- способност за *критичка оцена* на презентираните идеи
- познавање на каталошки маркетинг, продажба преку каталог (печатен, видео или електронски)
- *тимски ориентирана* - поттикнување и градење на меѓусебна доверба, почит и соработка меѓу членовите на тимот
- искуство во работа со компјутер, графички дизајн, интернет, Microsoft office(excel, Corel Draw, Photoshop..е-алатки....
- јасен концепт и темелен пристап
- комуникативност, динамичност и флексибилност
- прецизност, сигурност, педантност, естетика во работењето
- менаџирање со време, *почитување* на *рокови*
- добра професионална посветеност и етика.
- основно познавање на производите на ЛОГИНГ Електроникс
- основно познавање на Македонскиот, Албанскиот и Косовскиот пазар

**Тестирање задолжително.**

Деталните работни обврски погледнете ги <u>тука</u>.

Ако се наоѓате себеси во било која од овие можности направете **Пријавување за работа**

Доколку се наоѓате себеси во било која од овие можности направете **Пријавување за практикантска работа.**

*Ве охрабруваме не само да набљудувате, туку и да учествувате, не само да сонувате, туку и да се надградувате, континуирано да учите од поискусните, затоа што се́ се случува со труд!*

## 2. Друго

### a. Практикант за практикантска работа

Логинг Електроникс - фирма со традиција, но млад дух, исклучително динамична, иновативна, предводена од енергичен, вреден, високо стручен и амбициозен тим.

Во духот што доликува на една општествено одговорна компанија, склучивме договор со програмата Моја Кариера која е наменета за организирање на практикантска работа и се спроведува со непосредна поддршка од страна на УСАИД Македонија, Владата на РМ и сите акредитирани државни и приватни универзитети во РМ.

Цел: Нов иновативен правец за превентивно делување кај студентите и младите невработени лица, заради зголемување на нивната вработливост, подобрување на професионалните вештини и можностите за стекнување релевантно искуство, со што ќе станат подготвени лесно да се вклучат на пазарот на трудот.

Кој се може да се пријави:

- студент, постдипломец
- дипломиран студент, завршен средношколец
- млади невработени лица кои имаат завршено најмалку средно образование, на возраст до 33год

*Едноставно, сите оние што имаат изострен ум и кои умеат да ја препознаат можноста со која ќе поттикнат професионална надградба која можеби ќе биде нивниот "катализатор" и пат до нивната лична кариера.*

Ваши можности:

- надополнување на теоретското знаење со пракса
- работа во реална работна средина
- работа во одлично работно опкружување и пријатна атмосфера,
- тимска работа,
- размена на искуства,
- менторство од страна на искусни и квалификувани професионалци

Доколку се наоѓате себеси во било која од овие можности направете **Пријавување за практикантска работа.**

*Ве охрабруваме не само да набљудувате, туку и да учествувате, не само да сонувате, туку и да се надградувате, континуирано да учите од поискусните, затоа што сé се случува со труд!*

*Пријавете се веднаш!*

### b. Во било која група

- Со континуираниот развој на Логинг Електроникс се отвараат дополнителни работни места. Со што се јавува повремена потреба од проширување на тимот.
- Логинг Електроникс има континуирана потреба од талентирани, паметни и работливи колеги. Ако во моментот немаме слободно место,со испраќање на вашата пријава за работа би ве имале во предвид при наредните конкурси за работа.
- Во технички оддел често се јавува потреба од ангажирање на колеги со цел завршување на одредени проекти од областа на електрониката.
- Сервисно производниот оддел на Логинг Електроникс е во континуитет отворен и за прифаќање на млади талентирани луѓе желни за практични знаења кои не може да се стекнат во тек на школувањето, да ја осетат атмосферата и духот на тимот во реална работна средина.
- Ако се наоѓате себеси во било која од овие можности или имате некаква идеа која може заедно да ја реализираме Ве молиме да ја пополните **Пријавата за работа.**

**МОЖЕ ДА СЕ ПРИЈАВИТЕ ВО БИЛО КОЕ ВРЕМЕ!**

Ве молиме да ја пополните пријавата за вработување. Притиснете **овде ...**

**Само селектирани кандидати ќе бидат повикани на интервју и тестирање.**